This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## ЈУЛИ, 2024



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од обласа на организиран криминал и корупција

### „ТАРГЕТ-ТВРДИНА” КОК-11/23

На ден 02.07.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 04.07.2024 година, рочиште беше одложено поради службени обврски на претседателот на судечкиот совет.

На 10.07.2024 година, на рочиштето беа испитани 2 вешти лица предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 15.07.2024 година, на рочиштето беа изведени материјални докази предложени од страна на одбраната на обвинетите.

### „ЗЛОУПОТРЕБА НА ЕУ ФОНДОВИ” КОК-179/22

На ден 08.07.2024 година, рочиштето беше одложено поради отсуство на обвинетата од здравствени причини.

На ден 22.07.2024 година, рочиштето беше одложено поради отсуство на обвинетата од здравствени причини.

### „СИНЏИР” КОК-61/22

На ден 08.07.2024 година, на рочиштето беше даден воведен говор од страна на јавниот обвинител. На рочиштето шест физички и пет правни лица ја признаа вината при што беа дадени завршни зборови.

На ден 09.07.2024 година, на рочиштето беше објавена пресудата за обвинетите кои признаа вина. Судот донесе осудителна пресуда за шест физички и пет правни лица.

На ден 15.07.2024 година, на рочиштето признаа вина четири физички и три правни лица.

На ден 17.07.2024 година, на рочиштето беше објавена пресудата за обвинетите кои признаа вина. Судот донесе осудителна пресуда и изрече три затворски казни и една условна осуда, а за правните лица судот изрече парични казни.

На ден 19.07.2024 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на одбраната.

### „ТИТАНИК” КОК-59/22

На ден 09.07.2024 година, на рочиштето обвинетите се произнесоа по однос на прашањето за вина.

### „ТИТАНИК” КОК-77/24

На ден 04.07.2024 година, на рочиштето беа дадени воведни говори, од страна на јавното обвинителство и одбраната.

### „ТИТАНИК” КОК-78/24

На ден 05.07.2024 година, на рочиштето беа дадени воведни говори од страна на јавното обвинителство и одбраната.

### „ФЕНИКС" КОК-12/24

На ден 09.07.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 10.07.2024 година, на рочиштето се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ" КОК-47/24

На ден 12.07.2024 година, рочиштето беше одложено поради отсуство на една обвинета и претставник на правното лице.

### „ТАРИФА" КОК-24/21

На 15.07.2024 година, на рочиштето се испита еден сведок.

### „ИМПЕРИЈА" КОК-33/23

На 15.07.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

### „УБИСТВОТО НА МИГРАНТКАТА ОД ГЕВГЕЛИЈА" КОК 174/23

На ден 11.07.2024 година, на рочиштето беше јавно објавена пресудата, а судот донесе ослободителна пресуда.

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „КЛИНИКА ЖАН МИТРЕВ" К-349/23

На ден 01.07.2024 година, на рочиштето се прецизираа листите на докази.

### „СУДЕЊЕ ЗА М.Д. – ГРАДОНАЧАЛНИК НА КУМАНОВО" К-115/24

На ден 02.07.2024 година, на рочиштето беше испитан еден сведок, кој беше предложен од двете странки во постапката.

### „ТОТАЛ" К-1493/17

На ден 08.07.2024 година, рочиште беше одложено поради отсуство на јавен обвинител од здравствени причини.

### „ПРЕДМЕТОТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРУГА" К-63/24

На ден 08.07.2024 година, рочиштето беше одложено за судот да донесе одлука по однос на приговорите истакнати од странките.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 08.07.2024 година, Судскиот совет ја одржа 492-та на која меѓудругите точки од дневниот ред се донесени одлуки за определување на ВД претседатели за Основен суд Кочани и Основен суд Охрид, разгледан е Извештајот на Комисијата за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседатели на Виш управен суд и усвоен е Извештајот од извршени работни посети на Врховниот суд на РСМ, Апелационен суд Гостивар и Основен суд Тетово.

На 22.07.2024 година, Судскиот совет ја одржа 493-та седница, на која меѓудругите точки од дневниот ред го разгледуваше и го усвои извештајот од извршена работна посета на Основен суд Битола.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 17.07.2024 година Советот на јавни обвинители ја одржа 106-тата седница, на која беше дополнет дневниот ред со точка за избор на заменик претседател на Советот на јавни обвинители. Следствено на ова, за заменик претседател на Советот на јавни обвинители беше избран Башким Бесими.

На 18.07.2024 година продолжи седницата на Советот на јавните обвинители по однос на точката за номинирање на член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот. Советот го номинираше јавниот обвинител Гаврил Бубевски.